Bojan Marichikj

Digitally signed by Bojan Marichikj
Date: 2021.05.20 11:33:20 +02'00'

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**
Сектор за општи работи

Бр. 05-1370/1
Скопје 19-05-2021 година

Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 21.01.2021 година, **министерот за правда м-р Бојан Маричиќ** ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За јавна набавка на услуги**
**Поштенски услуги – брза пошта**

1.За потребите на Министерството за правда, потребно е да се спроведе постапка од мала вредност за јавна набавка на услуги и тоа: – Поштенски услуги – брза пошта.

1.1.Предмет (вид) на набавка: Поштенски услуги – брза пошта.

1.2. Предметот на набавка не е делив на делови.

2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа Одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 500.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 90.000,00 денари или вкупната вредност со вклучено ДДВ во износ од 590.000,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

3. Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка
Постапката да се спроведе согласно **член 48**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **постапка за наабвка од мала вредност**, за доделување на договор за јавна набавка на услуги со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која ќе заврши со спроведување на електронска аукција.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр 9. Скопје Република Северна Македонија
389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

4. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно **член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена.**

5. Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на месечна фактура.

6. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на услуги.

7. За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира Комисија за јавна набавка во состав:
   - претседател на Комисијата: Ацо Живковски
   - членови: - Марија Бриндевска
     - Насер Ќамили

   - заменик претседател на комисија: Петар Мирковиќ
   - заменици членови: - Орхан Сулимани
     - Теута Бериша

8. Се задолжува Комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.
9. За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.

10. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 26.01.2021 година на Министерството за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги. Предмет на набавка е набавка на – Поштенски услуги – брза пошта.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

За реализација на оваа набавка ќе се употребат средства во вкупен износ од 500.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 90.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ во износ од 590.000,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Согласно на горенаведеното донесов Одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

**Министер за правда**
**м-р Бојан Маричиќ**

Подготвил: Марина Миновска, раководител на одделение
Контролирал: Убавка Матевска Скаловска, Раководител на сектор


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification